Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 20 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/4 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА АДМИНИСТРАТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ И НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Член 1**

Во Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-581/1 од 23.01.2015 година, преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 20 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/4 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:“

**Член 2**

Во глава „III.Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем“, во членот 4 се вршат следните измени и дополнувања:

- во ставот 1 во алинејата 2 интерпукцискиот знак точка запирка (;) се заменува со интерпукцискиот знак запирка (,), по кој се додаваат зборовите: „по претходно известување добиено од страна на вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Агенцијата;“
- во ставот 3 се вршат следните дополнувања:

\- по зборовите: „се внесуваат“ се додава зборот: „евентуално“ и

\- по зборот: „отстранување“ се додаваат зборовите: „кој извештај се доставува до Директорот на Агенцијата.“

**Член 3**

Во останатиот дел Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на

овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не се менува.

**Член 4**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 5**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Бр.**01-3675/1

08-10.**2021 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**